**Одлука бр.19**

Управниот одбор на Сениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за определување на Критериумите за доделување на Тенис Европа јуниорските турнири до 12,14 и 16 години на ИТФ Јуниорските турнири до 18 години и ИТФ Ветерански Турнири во 2026 година**

**Член 1**

Квалитетни терени со одобрени подлоги од страна на ИТФ. Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на меѓународни турнири, клубот организатор треба да поседува:

- 64 жреб, потребни се минимум 8 терени идеално е 10 терени,
- 48 жреб, потребни се минимум 6 терени, идеално е 7 терени,
- 32 жреб, потребни се минимум 4 терени, идеално е 5 терени.

За Ветеранските ИТФ турнири потребни се минимум 4 терени, идеално е 5-6 терени.

**Член 2**

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на меѓународни турнири потребно е клубот да ангажира следен тип на стручен кадар, за време на организација на турнирите:

- Доктор на повик, кој активно го користи Англискиот Јазик,
- Физиотерапевт (доктор) на лице место, кој активно го користи Англискиот Јазик,
- Потребен неопходен персонал за одржување на терените,
- Плетач на жици (шпанер), на лице место или на повик.

**Член 3**

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на меѓународни турнири потребно е клубот да ја поседува следната опрема и помошни објекти:

- Судиски столчиња на терените и Рачни Семафори за резултат,
- Потребно светло на терените од минимум 500 лукса,
- Канцеларија за Судиите со потребна опрема (телефон, принтер, фотокопир, микрофон...),
- Безжичен, брз интернет за играчите и останатите, без да се наплаќа,
- Потребен број на соблекувални, тоалети и туш кабини,
- Ресторан и кафе бар на лице место,
- Вода минерална флаширана не газирана за играчите.

**Член 4**

Согласно ИТФ и Тенис Европа минималните стандарди за организација на меѓународни турнири, доколку турнирите се играат на две локации, за помошната локација важат сите одредби од Член 2 и Член 3 на оваа одлука.

Задолжително се презентира склучен договор за користење на ВТОРАТА ЛОКАЦИЈА

Ангажирање на Судии и помошници на судиите и за втората локација.

Клубот организатор е должен да обезбеди бесплатен транспорт за сите официјални лица, тренери и натпреварувачи до втората локација, како и враќање назад.

**Член 5**

Претходно искуство и висока оцена за организација на претходен меѓународен настан ќе биде земено во предвид во разгледување на апликацијата.

**Член 6**

Да нема заостанати обврски кон ТФСМ во моментот на аплицирање за организација на турнири.

**Член 7**

Високо квалитетна организација на турнири од Официјален Календар за натпреварување на ТФСМ.

**Член 8**

Подготовка на безбедносен план за време на организација на турнирот, доколку ги побара ИТФ или Теннис Европа.

**Член 9**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година